ФЗОМ
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија бб, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

Дата: 13.01.2014

# СООПШТЕНИЕ

## Новини во електронските услуги за фирмите

**Од 01 февруари 2014 година сите фирми задолжително** ќе треба да ги користат електронските услуги - пријава и одјава на здравствено осигурување преку веб порталот на Фондот.

75.000 фирми досега требаше за пријави и одјави на здравствено осигурување за своите вработени и за членовите на нивните семејства да доаѓаат лично секој месец во подрачните служжби на Фондот за здравствено осигурување. Во декември 2013 година фирмите реализирале 15.000 посети во подрачните служби на Фондот.




Од декември 2013 година Фондот пробно започна со електронски услуги за пријава и одјава за здравствено осигурување за сите фирми - обврзници за пресметка и уплата за придонеси. Се овозможи пријава на здравствено осигурување преку веб порталот на Фондот за здравствено осигурување (https://portal.fzo.org.mk).

**Постапката за користење на е-услугите е едноставна.** Фирмите треба да овластат лице или сметководител (сметководствена компанија) кои ќе ги спроведуваат електронските пријави во здравственото осигурување. Фирмите кои имаат потреба од пријавување и одјавување, наместо да одат во подрачните служби на Фондот за било која промена на нивни вработен сега тоа може да го направат електронски, за 30 секунди, без притоа да ги носат здравствените легитимации на заверка во подрачните служби во Фондот. Овластеното лице потребно е да има активна електронска здравствена картичка и да има креирано профил на веб порталот на ФЗОМ (за што исто има корисничко упатство на веб страницата на Фондот www.fzo.org.mk).

Адреса: Македонија бб, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

**Апелираме фирмите побрзо да овластат лице** за да можат активно да ги користат електронските услуги, со што се заштедува време, пари, хартија, а станува непотребно одењето во подрачните служби на Фондот. Имено, со оваа новина во ФЗОМ ќе се одбегнат 180.000 посети годишно од страна на овластени лица од фирмите во Република Македонија кои доаѓаа во подрачните служби на Фондот, а сега овие услуги ги добиваат електронски, преку компјутер во своја канцеларија.

ФЗОМ сака да информира дека за оваа намена во тек се обуки за заинтересираните фирми за користење на електронските услуги на Фондот кои може да се обратат на helpdesk@fzo.org.mk.